

ИЗДАНИЕ БР.5, МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2018

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

# КАВАДАРЦИ ГО ОДБЕЛЕЖУВА 7 СЕПТЕМВРИ **ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО**



74 години од 7 септември 1944 година кога единиците на НОВ го ослободија Кавадарци. 74 години развој и растеж во сите сфери од општественото живеење.
Кавадарци денес ја живее слободата во која подеднакво ја почитува историјата, ја гради денешнината и ја планира иднината.

Кавадарци денеска е град за пример во Република Македонија. Место посакувано за живеење. Општината интензивно ја реализира програмата за комунална изградба.
Под мотото „За попоубаво и почисто Кавадарци" се изведуваат проекти преку кои секојдневно се подигнуваат стандардите на живеење.

Идеите се преточуваат во стварност. Градот од ден на ден е се по урбанизиран, среден, по чист. Сите проекти се реализираат во фукција на граѓаните, улиците се обновуваат, градот хортикултурно се уредува, образовните институции се надградуваат во функција на по квалитетна настава.

Општината создава предуслови за развој на економијата, како основа за надградбата во која културата исто така добива достојно внимание и стреми кон нови повисоки стандарди.

Кавадарци зачекорува во 75 година од слободата многу по различен и многу по подготвен за предизвиците на новото време.

Нека ни е честит и вековит 7 Септември.



# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2018 КАВАДАРЦИ

*Приказна под отворено небо!*










„Приказна под отворено небо“ е мотото на 38-то издание на првата и најстара стопанско-туристичка манифестација во Република Македонија „Тиквешки гроздобер“. Традицијата која започна во 1964 година продолжува и годинава под покровителство на градоначалникот и советот на општина Кавадарци.

Музика, поезија, забава, спорт и гастрономија во чест на грозјето и виното ќе го исполнат Кавадарци во деновите 7, 8 и 9 септември.
Настаните ќе се одвиваат на три сцени. Централната е поставена на Градскиот плоштад каде публиката ќе ужива во настапите на естрадните ѕвезди од Македонија, а на последната вечер Кавадарци ќе ја угости балканската мега ѕвезда Цеца. Традицијата и духот на старо Кавадарци ќе го исполнат просторт во Паркот на Револуцијата каде со староградска музика и скара ќе се ужива во кавадаречкото вино.

Платото пред спомен костурницата во градскиот парк е сцената каде во духот на модерното време гостите на гроздоберот ќе ги забавуваат познати Ди-Џеи со нивните перформанси.

Дегустација на вина, изложба на олд-тајмери, натпревар во подготовка на коктели, трка на келнери, турнир во улична кошарка и симулација на традиционална берба на грозје се дел од новите содржини на гроздоберската програма во која се и традиционалните: турнирот „Сестри Китеви“, таблијадата, мото рели, дефиле на „Тиквешки точакции“ и детската програма.
Забавата под отворено небо го подразбира и традиционалниот карневал кој годинава се враќа на последниот ден од гроздоберот недела и тоа во пладневниот термин.

Во деновите на Тиквешкиот гроздобер Кавадарци со широко срце и отворени врати за сите добронамерници ќе слави во чест грозјето и виното.

# ТЕКОВНИ РАБОТИ

## ИНТЕНЗИВНА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ВО АВГУСТ

Општина Кавадарци максимално ја користи градежната сезона. Беа реализирани повеќе проекти кои се однесуваат на асфалтирање, прередување и изградба на жардинери.



### Асфалтирана пробиената улица „Орце Николов“

Во август беше завршен проектот за оформување на новопробиениот дел од улицата „Орце Николов“ со асфалтирање. На оваа позиција на трасата во должина од 160 метри, во прва фаза градежната оператива на фирмата „Инвест груп“ ги изведе земјените работи на пробивање на спојот со главниот коловоз на истоимената улица. Широчината на пробиениот крак изнесува 5,5 метри.

### Ревитализиран дел од улицата „7 Септември“

Општината ревитализираше и делници од две улици. Оперативата на фирмата „Изолација“ изврши асфалтирање на површина од 550м2 од улицата 7 „Септември“ споредна. Станува збор за крак во должина од 160 метри кој води кон Здравствен дом Кавадарци.
Претходно од оваа делница беше отстранета гранитната коцак, после што ЈП „Комуналец“ изврши интервенции на водоводната и канализационата мрежа.





### Нов асфалт на ул. „Брушанска“

Нов асфалт доби и улицата „Брушанска“ во должина од 160 метри. Претходно и на овој дел ЈП „Комуналец3 изврши замена на водоводната и канализациона мрежа.
Оперативата на фирмата „АС Машини“ заврши со прередувањето на павер елементите на улицата „Клинска“ во населбата „Брушан маало“. Согласно програмата се работи на прередување на површина од 330м2 од улицата.

### Нова жардинера на бул. „Моша Пијаде“

Општината Кавадарци е во фаза на реализација на проект, за изградба на жардинера на средината од булеварот „Моша Пијаде“. Станува збор за делница во вкупна должина од 374 метри, односно 187 метри во една насока. На оваа делница оперативата на фирмата „Ас Машини“ постави декоративен блок и нови улични рабници со што ќе се оформи жардинера.
Рерализацијата на овие проекти е во функција на подобрување и подигање на стандардите на живеење во општината.





### Прередување на улица „Клинска“

Оперативата на фирмата „АС Машини“ го реализираше прередувањето на павер елементите на улицата „Клинска“ во населбата „Брушан маало“.
Согласно програмата се работи за прередување на површина од 330м2 од улицата. Беа додадени пристапни скали од бехатон плочи.

# ОПШТИНАТА ОБНОВИ ТРОТОАРИ ВО ГРАДОТ И УЛИЦИ ВО СЕЛАТА

Општина Кавадарци во текот на месец август реализираше серија проекти за реконструкција и изградба на тротоари на територијата на градот. Реконструкцијата и изградбата е од особено значење за непреченото движење на пешаците, како и за подобренета и зголемена безбедност во сообраќајот.

## Тротоар на ул. „8 Септември" кај салата „Јасмин"

Се работи за делница која се наоѓа на аголот од северниот влез во СЦ „Јасмин" наспроти старата бензинска. Со изградбата на овој тротоар, влезот во салата ќе има оформени тротоари со павер елементи од двете страни со што движењето на посетителите во салата ќе биде многу побезбедно. Овде се поплочи и површината предвидена за паркинг.





## Тротоари околу паркот Полана на улиците „Партизанска" и „Лазо Мицев"

Реализиран проект за реконструкциа на тротоари на улиците „Партизанска" и „Лазо Мицев" кај паркот „Полана". Општината изгради нови тротоари од павер елементи на површина од 480 м2. Оперативата на фирмата „Градба промет" претходно ги изведе подготвителните работи за расчистување и отстранување на оштетениот дел на стариот тротоар по што беа поставени нови бехатон плочки.

## Изведба на тротоари на булевар „Моша Пијаде" кај основното училиште „Гоце Делчев"

Оперативата на фирмата „Градба промет" заврши со изградба на тротоар на дел од булеварот „Моша Пијаде" на делницата од спојот со булеварот „Цветан Димов" до спојот со „Западен булевар" (нов кружен тек) кај ООУ „Гоце Делчев". Општината го ревитализираше овој фрекфентен тротоар со павер елементи на површина од 400м2.





## Нов тротоар на „Западен Булевар" над паркингот на салата „Јасмин"

Оперативата на фирмата „Градба промет" ја заврши изградбата на дел од тротоарот на улицата „Западен булевар". Се работи за делница со површина од 760 квадратни метри, на потегот од спојот со улицата „Вишешница" до влезот во паркингот на спортската сала „Јасмин".

## Комунална изградба во село Бегниште

Фирмата „Павер трејд" реализираше проект од комуналната изградба во селото Бегниште. Се работи за поплочување на улици во селото каде согласно програмата во оваа фаза општината финансираше поставување павер елементи на површина од 160 квадратни метри.

Изградбата на улиците е во согласност со барањата на жителите на Бегниште искажани при непосредните средби со градоначалникот и потоа вградени во Програмата за комунална изградба.





## Комунална изградба во село Ресава

Оперативата на фирмата „Павер трејд" урбанизираше уште една улица во селто Ресава. Станува збор за дел од програмата за комунална изградба според кој во оваа Месна заедница се инвестира за поплочување на улици со вкупна површина од 160м2. Со изградбата на оваа улица Ресава добива уште една урбанизирана улица која за жителите од овој дел на селото значи збогување со калта и прашината. Интервенцијата на општината е во согласност со Месната заедница и барањата на жителите од селото кои се вградени во програмата за комунална изградба.

## Нови возила во ЈП „Комуналец“

Возниот парк на ЈП „Комуналец“ Кавадарци е збогатен со нов ровокопач и две нови теренски возила со приколка од марката „Дачиа“. Со ова продолжува модернизацијата на „Комуналец“. Ова е трета набавка од годишниот план на ЈП „Комуналец“ во делот на нова механизација. Во септември стигнат уште две машини, цистерна за перење на улици и голем кипер со кран. Се работи за возила и машина кои што ќе го подобрат работењето на јавното претпријатие.






## Реконструкција на автобуските постојки

Општина Кавадарци согласно Програмата за поставување на урбана опрема презеде активности за. Во тек е обновување на 27 автобуски постојки во склоп на јавниот превоз во соработка со компанијата „Екстра бус“ од Кавадарци. Се врши ребрендирање на опремата, како и уредување на просторот околу постојките. Со реализацијата на овој проект ќе се создадат подобри услови за граѓаните кои го користат јавниот градски превоз.






## Обновена бојата на клупите на плоштадот

Општина Кавадарци реализираше проект за обновување на заштитната боја на клупите на градскиот плоштад. Се обнови фарбата на дрвените делови како на подвижните така и на фиксните клуп во склоп на жардинерите. Од изградбата на новиот плоштад ова е прва посериозна интервенција на дел од урбаната опрема која граѓаните најинтензивно ја користат особено во вечерните часови.

## Обновување на канделабрите од јавното улично осветлување

Општина Кавадарци во координација со територијалната против пожарна единица Кавадарци работи на спроведување на зедничкиот проект за обновување на заштитната боја на високите канделабри од јавното осветлување во градот. Станува збор за техничка интервенција со која вработените пожарникари извршуваат јавно корисна работа, а воедно и ги совладуваат вештините за работа на поголеми височини. За таа тренажна цел во акцијата е вклучена и фирмата „Ел-Бох“ која се бави со електричарски работи на одржување на јавното осветлување, а располага со специјално возило корпа.



# ПЛАНИРАНИ РАБОТИ

# ПЛАНИРАНА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ВО СЕПТЕМВРИ

Септември исто така ќе биде месец на изразена комунална изградба, во кој општината планира да реализира повеќе проекти согласно програмата.

Асфалтирање треба да биде изврено на улиците: „Бабуна“, „Цар Самоил“ и на улицата „Доне Попов“. На оваа улица според проектот прво ќе биде отстранета гранитната коцка по што ќе следи нејзино асфалтирање. Активности ќе се изведуваат и на улицата „Тоде Мајсторчев“. На делници од „Западен Булевар“ и булеварот „Видое Смилевски“ општината преку ангажираната оператива ќе работи на изградба на жардинери во средината на трасата.

Овој месец се планира изградба на потпорен ѕид на улицата „Кукушка“ каде според проектот е планирано и поплочување. Паралелно со ова продолжуваат и завршните работи со оградување на плацот покрај „Северен булевар“ каде треба да се дислоцираат лимените гаражи кои беа отстранети од повеќе локации во градот.

Општината планира да продолжи и со реконструкцијата и изградбата на повеќе тротоари на различни локации.



## ЗАПОЧНАА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА „СЕВЕРЕН БУЛЕВАР“

Најавениот проект за реконструкција на „Западен булевар" започна да се реализира. Оперативата на изведувачот интензивно работи на 12 прекопи за атмосферска канализација. Поради овие активности булеварот ќе биде под привремен изменет режим на сообраќај.

Оваа реконструкција на најфрекфентниот влез во Кавадарци од правецот на Росоман ќе добие ново современо урбанизирано лице, но и побезбеден сообраќај во правец кон автопатот и Скопје.

## РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈАТА ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ЉУБАШ

Општина Кавадарци во координација со Територијалната против пожарната единица Кавадарци и ЈП „Македонски шуми“ подружница „Бор“ Кавадарци реализираше превентивната акција за заштита од пожари. Се исчистиа патеки-полски патишта на Љубаш во должина од околу 4 километри. Тие сега ќе служат како брана за неширење на евентуални пожари и полесно движење на противпожарните единици со цел интервенција во случај на пожар.

Со акцијата беше направена парцелизација на ридот „Љубаш“, а беше извршено расчистување на постоечките полски патишта и патеки во делот помеѓу Мал и Голем Љубаш.

Градоначалникот Митко Јанчев нагласи дека оваа акција е од големо значење за превентивно делување во случај на пожар. Со релативно мал зафат спроведен од службите во општината надлежни за пожарите, ќе се овозможи поефикасна интервенција на ПП екипите.



# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ВО ПОСЕТА НА „СОЗУ - ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“

Пред почетокот на учебната година 2018/2019 градоначалнјкот Митко Јанчлев го посети СОЗУ „Ѓорче Петров“ каде се сретна со наставничкиот колегиум на училиштето.

Притоа Јанчев беше запознаен со преземените и извршените градежни работи и дејности поврзани со реновирање на училиштето  во изминатиот период, со цел учебната година да започне поподготвено. Треба да се има во предвид фактот дека бројот на новозапишаните ученицци е зголемен речиси двојно од лани, мотивацијата и потребата од кадри од шумаствитвото  и винарството е добро изменаџирана од,  а влијание за тоа имаат и потпишаните договори за стипендирање  и вработување на  завршени ученици  во ЈП „Македонски шуми“ и АД „Гоце Делчев-Тиквеш“.

Јанчев се интересираше за низа други планирања на ова училиште и најави решавање на низа прашања кои досега не биле опфатени.





# ОБРАЗОВАНИЕ

На почеток сме на учебната 2018/2019 година. Во годината што измина во училиштата во Кавадарци беа реализирани низа проекти кои се од големо значење за образованието.

Завршени проекти во 2018 година во **ООУ „Тоде Хаџи –Тефов“**:



- Се изврши асфалтирање на игралиштето-спортските терени кое беше раскопано од движење на камионите при изградбата на спортската сала.
- Се заменија 24 стари врати со нови ПВЦ врати по училниците.
- Се постави метална ограда на потпорниот зид заради безбедност на учениците и поставување на решетки на прозорците на спортската сала.
- Во тек е реконструкција- изработка на фасадата од западната страна на училиштето во Кавадарци која треба да се заврши до крајот на 2018 год.
- Во тек е постапка (предмер пресметка) за изградба на лабараторија по биологија, хемија и физика која треба да се заврши до крајот на 2018 год.
- Се набави голема ТВ плазма која ке има функција на семафор заедно со лап топ, рутер и програма за работа.

Во **ООУ“Гоце Делчев“** Кавадарци во процес е реализацијата на проектот за поставување на рампа за лица со инвалидност. Исто така во тек е и реконструкција на wc јазлите во училиштето.



Во текот на второто полугодие од учебната 2018/2019 година во **ООУ “Страшо Пинџур“** планирана е доградба на училници.

Во **ООУ “Димката Ангелов – Габерот“** целосно е променето осветлувањето со штедливи светилки и поставени се 7 рефлектори во дворот на училиштето. Во училниците се поставени 15 нови табли и 15 нови масивни закачалки. Целосно се реконструирани наставничката канцеларија и библиотеката и извршена е корекција на масите и столиците за децата од прво одделение. Во с.Сопот доградена е една училница.За наредната година е предвидено целосно менување на кровот на училиштето и реновирање на тоалетите. Во подрачното училиште, со помош на бизнис секторот ќе се постави ограда.

Една просторија е целосно реконструирана и е адаптирана во нова модерна библиотека, а во секоја училница беа заменети наставничките столчиња со нови(вкупно20), се доуреди и просторијата на техничиот персонал(во која беше извршено молерисување и поставување на нов ламинатен под).
Поставена е и заштитна мрежа на спортското игралиште, како и негово обележување, исто така предниот дел на училишниот двор е комплетно хортикултурно уреден.



Во **ООУ “Тошо Велков Пепето“** осветлени се критичните места во училишниот двор и непосредната околина со рефлектори, комплетно се реновирани санитарните јазли за учениците во продолжен престој, комплетно е уреден училишниот двор, комплетно е реновирана училишната библиотека и е пренаменета во медиотека и комплетно е реновирана наставничка канцеларија.
Во сите основни училишта е извршена дезинфекција ,дератизација и дезинсекција, со што се создадени оптимални услови за почеток на новата учебна година.

Изминатата учебна 2017/2018 година во **СОУ Гимназија „Добри Даскалов“** беа пуштени во употреба новите 8 училници и се започна со едносменско работење.



За следната учебна 2018/2019 година планирано е реновирање на санитарни јазли, изградба на балон спортска сала и реновирање и осовременување на училишната библиотека.

За подобрување на просторните услови во **СОУ „Киро Спанџов Брко“** кои би овозможиле едносменско работење, во месец јули започната е реконструкција на пет простории од кои три училници и два кабинети со површина од 270 m2. Реконструкцијата се однесува на промена на дрвен патос со бетонска плоча и поставување на ПВЦ под, подготвителни работи со малтер и гипскартон, премачкување на ѕидовите со абрихт и промена на 15 прозори и врати со ПВЦ столарија. Реконструкцијата е во тек и би требало да се завши на почетокот на септември.



Во **СОЗШУ „Ѓорче Петров“** на самиот влез направена е градежна хортикултурна интервенција со уредување на просторот од левата и десната страна со соодветно озеленување.
Извршена е промена со вградување на камена подлога на дел од зидот на дворот каде се поставени нови клупи за седење кои се изработени и монтирани од ученици и професори од самото училиште.
Споменикот на патронот на училиштето, кој стои непосредно пред влезот на училиштето доби достоинствен изглед со вградувањето на украсни плочки на неговиот постамент, кој воедно е и убава жардинерија.



Во најава е целосна реконструкција на санитарниот јазол во училиштето и поставување на термо изолациона еколошка фасада како и нов покрив на училишната зграда за трајна заштита на објектот.

И во сите средни училишта е извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција, со што се создадени оптимални услови за почеток на новата учебна година.



Сите овие реализирани проекти и предвидените за учебната 2018/2019 година создаваат подобри услови во образованието. Денес е првиот училишен ден од оваа учебна година. На првачињата им посакувам успешно влегување во образовниот процес и стекнување со желба за учење на нови работи и многу знаење. На сите ученици им посакувам уште поголем успех од претходните години и Општина Кавадарци да биде горда на талентирани ученици кои се најголемото наше богатство и од кои зависи нашата иднина.

**СРЕЌНА УЧЕБНА ГОДИНА ДРАГИ НАШИ УЧЕНИЦИ.**





Во посета на Кавадарци, на средба со градоначалникот м-р. Митко Јанчев, беше амбасадорот на СР Германија во Република Македонија  неговата екселенција г. Томас Герберих. Цел на посетата беше донацијата од амбасадата на Германија за општина Кавадарци на специјализираното возило за превоз на лица со инвалидност.

Во присуство на Михајло Михајлов претседател на Здружението на телесни инвалиди „Мобилност“ Кавадарци донацијата  ја врачи германскиот амбасадор Герберих.
Лицата со телесен инвалидитет во Кавадарци сега имаат на располагање специјализирано транспортно возило со чија помош многу посамостојно ќе ги извршуваат своите обврски. За нивните потреби, адаптираното возило им е на располагање 24 часа, со цел да ги пренесува до одредиштата каде имаат потреба.

Општината Кавадарци ќе ги поднесе сите трошоци за одржување на возилото како и за ангажирањето на возачот. Истото ќе може да се користи со претходно закажување преку телефон.

Градоначалникот Јанчев се заблагодари за донацијата и нагласи дека ова возило е од големо значење за самостојноста при мобилностс на инвалидизираните лица во општина Кавадарци.
Амбасадорот Герберих нагласи дека комбето е обезбедено со приватна донација во амбасадата, а со истото ќе им овозможат поголема мобилност на лицата кои се ограничени во движењето.
Михајло Михаилов од здружението „Мобилност“ се заблагодари за донацијата и рече дека ова возило е од голема потреба за сите лица кои се соочуваат со пречки во движењето.

# КУЛТУРА

од активностите на
Локален Музеј-Галерија Кавадарци

## ЕТНОЛОГИЈА




На 21.08.2018 г. во Џамијата во Кавадарци беше промовира и поделена на верниците брошурата „Курбан Бајрам – кај ромите муслимани од Кавадарци". На 12 страни и колор фотографии во 100 примероци е презентиран овој празник и неговото значење. Автор: Томе Крстевски кустос, етнолог, соработник:Тархан Шабанов имам на ИВЗ од Кавадарци.

Муслиманите имаат два празника: Фитир Бајрам (Рамазан Бајрам или еид ал фитир) и Курбан Бајрам (еид ал адха). Празниците во исламската религија немаат само свечана димензија,туку суштината на празникот и неговата филозофија е многу поголема.

Исламските празници следуваат откако ќе се заврши одредена задача или обврска. Фитир Бајрам (еид ал фитир) следува по завршувањето на месецот Рамазан, односно на крајот на една важна задача во овој месец: обврската за постење, еден од столбовите на исламот. Додека Курбан Бајрам се прославува во текот на извршувањето на петтата исламска должност или услов Хаџ. Курбан бајрам е демонстрација на исламската солидарност преку Курбанот (пренесување на жртва) и потсетување на потребата за пресметување на извршените дела во текот на годината.

Проектот е финансиран од страна на Министерство за култура.

## ИСТРАЖУВАЧКИ И КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТИ

Континуирано се работи на проектот од нацилонален интерес „Конзервација и Заштита на етнолошките предмети" кој е во соработка со стручен тим од Завод и Музеј Штип и НУ Музеј на Македонија. Комплексноста на проектот дава до знаење дека ќе се работи овој проект до Октомври 2018 година. Раководител на проектот е Томе Крстевски – кустос, етнолког во Музеј –галерија, Кавадарци.

Во соработка со Археолошкиот музеј – Скопје, континуирано се работи на проектот од нацилонален интерес „Обработка на каталог на нумизматички материјал" во соработка со Сања Битрак – нумизматичар од Археолошки музеј Скопје. Раководители на проектотите: Весна Ѓорѓиева – виш кустос историчар на уметност и археолог и Раде Атанасов – кустос археолог во Музеј галерија Кавадарци.



„Изработка на проект за конзервација на камени предмети" при што е стапено во контакт со Мариана Филова, конзерватор за камен, вработена во НУ „Стоби".
Раководители на проектотите: Весна Ѓорѓиева – виш кустос историчар на уметност и археолог и Раде Атанасов – кустос археолог во Музеј галерија Кавадарци.

## ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во делот на галериската дејност, поточно издавачка дејност се изготви и предаде во печат Фотомонографијата „Ризница на ликовни дела" во која на 150 страни и колор фотографии , презентираме 77 автори со 154 дела- депонирани во Музеј-галеријата. Автори: Весна Ѓорѓиева – виш кустос, историчар на уметност и археолог и Трајче Цветков - кустос историчар на уметност и археолог од Музеј-галерија, Кавадарци. Музеј-галерија Кавадарци ќе ја промовира оваа фотомонографија, прва од ваков вид во текот на месец септември – по повод манифестацијата Тиквешки гроздобер 2018 година.

Проектот е финансиран од страна на Министерство за култура.

## ПОСЕТА НА МУЗЕЈСКИТЕ ИЗЛОЖБИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

Во месец јули имавме активности како во Музеј-галеријата така и во Музејот на мирисот и вкусот. Знаејќи го фактот дека во овој период е училишниот распустуст и годишните одмори намалена беше нивната посетеност, за сметка на што присуството на домашните и странски гости беше на завидно ниво.











# КАВАДАРЕЧКИТЕ ПОЛУМАРАТОНЦИ „РАСТУРИЈА“ ВО СТРУМИЦА

Незаборавна вечер за членовите на „Меридијан Атлетик-Еко“ клубот од Кавадарци кои учествуваа на полумаратонот во Струмица. Даниела Алексова во женска конкуренција победи на 10км, а Мицка Наумчевска беше втора. Забележителен настап имаше и Олга Динева која беше четврто пласирана.

На трката на 5км во машка конкуренција учествуваа Бојан Чаприќ и Андреј Андовски, кои остварија лични рекорди и пласман на 5то односно на 9то место, од преку 80 учесници. Ова е огромен успех и за нив, ако се знае дека се само 13 и 12 годишници, и со правилни тренинзи можат да станат шампиони.

Во трката на 21км (полумаратон) во конкуренција од близу 100 натпреварувачи нашите остварија забележителен успех: Анастас Гечев 13, Стеван Ристив 15, Вељан Паризор 1- пласиран.



# НОВА АТЛЕТСКА ПАТЕКА НА СЦ „ЈАСМИН“

Проектот на општина Кавадарци за ревитализација на атлетската патека на Спортскиот центар „Јасмин“ влезе во авршна фаза од изградбата.

Откако работниците на „Градба промет“ ги поставија последните рабници од внатрешниот круг со што ја оформија новата контура на атлетската патека околу фудбалскиот терен, Општината овде постави асфалтна подлога, која ја замени досегашната земјена патека. Со асфалтирањето во многу ќе се подобрат перформансите на патеката, со што на многубројните рекреативци општината им создаде подобри услови за спортување и рекреација.

Паралелно со градежните работи, општината работеше и на подобрување на јавното осветлување кое набрзо ќе биде ставено во функција за ноќна рекреација на спортскиот центар „Јасмин“.








# ЛИЧНОСТ НА МЕСЕЦОТ
## БЛАГИЦА КОЛЕВА

Со неполни 16 години на Балканското првенство во џудо за сениори одржано во Кавадарци од 31.08 до 02.09.2018 додина, кавадарчанката Благица Колева во категорија до 78 кг го освои трето место и бронзениот медал во поединечна конкуренција. На балканијадата Благица се закити и со сребрен медал во конкуренција на сениори каде го освои второто место.

Благица Колева е родена на 07.04.2003 година во Кавадарци. Џудо тренира како член на во џудо клубот „Кожувчанка“ од 2011 год. Во досегашната кариера таа е својувач на многу награди, како на државни првенства така и на многу домашни и меѓународни турнири.

Благица Колева е член на македонската џудо репрезентација во сите категории од пионери, кадети, јуниори, а од оваа година во сениори.

За прв пат откако постои џудо клубот „Кожувчанка“, бронзениот медал на Благица во поединечна и сребрениот во екипна конкуренција се најголемиот успех на наш натпреварувач на едно големо меѓународно натпреварување.

# АКТИВНА ЗОНА НА „КОКА КОЛА“ ВО КАВАДАРЦИ





Кавадарци ја доби својата „Coca-Cola Активна зона“, а кавадарчани им се придружија на илјадниците граѓани што веќе уживаат во единаесетте атрактивни „Coca-Cola“ спортско-рекреативни зони отворени низ цела Македонија.

Новото собирно место за кавадарчани од сите генерации во Парко „Полана“ е донација од компанијата „Coca-Cola“ и од Пивара Скопје, и е одлична локација за дружење, забава, рекреација и дополнително поттикнување на навиките за активен живот. „Ми претставува особено задоволство што денес, во еден од најспортските градови во Македонија ја отвораме дванаесеттата по ред Coca-Cola Активна зона“, рече Владимир Косијер, Генерален директор на Пивара Скопје.

На отворањето присуствуваа голем број жители што со нетрпение очекуваа да ги испробаат новите справи. За придобивките од зоната за кавадарчани градоначалникот на Општина Кавадарци, г. Митко Јанчев рече: „Од името на Општина Кавадарци и кавадарчани, им благодариме на Пивара Скопје и на компанијата Coca-Cola за донацијата и за тоа што излегоа во пресрет на барањата на кавадарчани, и Кавадарци да стане дел од овој голем и благороден проект, бидејќи на ваков начин се покажува и се докажува како на дело се негуваат долгорочните партнерства чии придобивки гиползуваат сите граѓани. Ги поканувам моите сограѓани да ја чуваат и да ја негуваат оваа спортска зона што го краси нашиот град, затоа што таа сега е нивна и треба совесно и одговорно да се однесуваат кон неа. Општина Кавадарци работи уште на неколку проекти преку кои веруваме дека спортскиот дух уште повеќе ќе се развие, но и дека ќе овозможиме подобри услови за младите талентирани спортисти“.

„Coca-Cola Активните зони“ се сочинети од професионални фитнес-справи, кои се поставуваат на соодветни локации за слободна употреба на сите граѓани, и тоа 24 часа.

# ГРАДСКИ МУАБЕТИ

Кога наближуе септември главни а богами и споредни теми се грозјебрањето, почетокот на фудбалската сезона (ваа година ГФК Тиквеш со големи амбиции за у прва лига), зимници, грозјебрање, Тиквешкиот Гроздобер, почеток на нова школска година и нормално грозјебрањето...

Ќе почниме со грозјебрањето. Најчеста тема за лафење на чаршијата, по кафенињата, по клупите на плоштадот, паркчињата, големиот парк, на поседанки, додека се чека ред у банките, секаде... При крај е бербата на трпезните сорти а само шо почна бербата на Вранецот (ни на времето си го викаме кртошија), и одма проблеми. Лозарите си барат тууку кууку шо сметат дека треба за да бидат барем рентабилни (иако често се у загуба), винските изби дават кууку нив му одговара и така како и секоа година ваа епска битка ќе трае до крајот на бербата а победници скоро секогаш се...

Почна и фубалот у Кавадарци. Со нова управа, со старо-нови играчи и како шо кажав погоре со амбиција за влез у прва лига (каде и шо му е местото на Тиквеш). Ама и туа Лозарите си барат и си терат своја правда, ама воа се Лозари Исток, ветерот во грб на сите спортски колективи од Кавадарци. За три дена од сега кога го пишам воа е големото (најголемото) дерби со нашите мили и никогаш непрежалани комшии ниготинци. Знам дека трибините ќе бидат преполни и знам дека ќе тепаме барем со 3 гола разлика (и после ќе и драпаме ниготинци на ФБ), само не знам дали Лозари организирано ќе се појават на градскиот стадион...

„Тиквешки Гроздобер". Според сите работи до сеа шо ги видоме у подготовките за ваа наша ногу значајна манифестација, изгледа конечно ќе видиме поквалитетен настан или у случајот настани. Ќе има буквално за сите по нешто. Главните настани ќе бидат на плоштадот и околу плоштадот а ваа година пак се враќа у комбинација и малото паркче спроти полицијата. Ќе нема скари на сред центар, иститe се преместени токму у малто паркче каде тиа три дена со почеток од 15 часот па до „даље„ ќе има староградска музика зачинета со скара и добро вино. Се враќат велосипедистите, моторџиите, олдтајмерите, за прв пат ќе има натпревари во правење коктели од вина, ќе има исто за прв пат трка на келнери, па концерти па Ди Џеи на Спомен Костурницата и винскиот карневал кој после неколку години е вратен денски од 13 часот и според луѓето задолжени за поставките ќе биде ајле поквалитетен од годините station наназад. Сето воа на градскиот плоштат. Доделување на 7мо Септемвриските награди по повод нашиот градски празник. Спортски настани, таблијада, изложби, промоција на вински мудрости... Не знам дали кажав дека за сите ќе има по нешто. Дека пак ќе се најдат некои кои ќе мават со дрва и камења по организаторот (ни си ги викаме тиа лимонтабетлии), ќе се најдат, ама тоа се најчесто човеци кои единствено нешто шо имат у животот организирано е мижитатара у маалото у трето одделение ( отпоручек ), а и тогаш му дошле само дада и бате...

П. С. РеЧоме лели дека за политика туа нема да пишиме и ете сеа за сеа си го одржујме ветеното. Секое добро и се читаме за еден месец кога ќе напрајме една анализа за грозјебрањето и разбира се за Тиквешкиот Гроздобер...

Диме Коцевски

Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Димитар Мурџев
**Дизајн:** Иновативa Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Ристе Стамаџиев
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**